Врз основа на член 13 став 1 од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 59/25) и член 5 став 1 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници на Државниот испитен центар, бр. 01-440/3 од 28.12.2022 година, бр. 01-176/3 од 1.3.2023 година, бр. 01-197/3 од 15.04.2024 година, бр. 01-109/3 од 11.02.2025 година и бр. 01-157/4 од 25.3.2025, Државниот испитен центар Скопје распишува

# ПОВТОРЕН ЈАВЕН КОНКУРС
## за избор на надворешни соработници – преведувачи

**I. Државниот испитен центар Скопје распишува повторен јавен конкурс за избор на надворешни соработници - преведувачи за потребите на државната матура, и тоа:**

1) **Математика** – 1 (еден) преведувач од македонски јазик на турски јазик и обратно;
2) **Албански јазик и литература** – 1 (еден) преведувач од македонски јазик на албански јазик и обратно и

**II. Услови кои треба да ги исполнат кандидатите на јавниот конкурс:**

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат завршено најмалку академски студии од прв циклус од соодветната област;
- да се од редот на наставниците од соодветниот наставен предмет во средните училишта во РСМ или од редот на наставно-научниот или стручниот кадар од универзитетите во Република Северна Македонија за соодветниот предмет, односно соодветната област;
- да имаат најмалку 3 години работно искуство во настава и
- да бидат одлични познавачи на изворниот јазик (јазикот од кој се преведува материјалот) и на целниот јазик (јазикот на кој се преведува материјалот).

**III. Кандидатите задолжително ја доставуваат следнава документација:**

- пополнета пријава (образецот на пријавата е поставен на веб-страницата: www.dic.edu.мк);
- уверение за државјанство;
- копија од уверението/дипломата за соодветно високо образование и
- оригинал потврда за заснован редовен работен однос и соодветно работно искуство од најмалку 3 години како наставник од соодветниот предмет издадена од средните училишта во РСМ или како дел од наставно-научниот или стручниот кадар од универзитетите во РСМ за соодветниот предмет, односно соодветната област, издадена од универзитетите во РСМ.

**IV.** Изборот на надворешни соработници - преведувачи за потребите на државната матура се врши на начин и во постапка утврдена со Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници на Државниот испитен центар.

**V.** Кандидатите кои ќе бидат избрани за надворешни соработници – преведувачи и независни читачи за потребите на државната матура ќе бидат ангажирани **до крај на учебната 2025/2026**.

**VI.** Рок за пријавување на заинтересираните кандидати е 5 (пет) дена.

**VII.** Изборот на надворешните соработници ќе се изврши најдоцна во рок од 18 (осумнаесет) дена по истекот на рокот за пријавување.

**VIII.** Ненавремена, нецелосна и невалидна документација, нема да биде предмет на разгледување.

**IX.** Пополнетата пријава со потребната документација се доставува во Архивата на Државниот испитен центар (од 10:00 до 14:00 часот) или со препорачана поштенска пратка, на следнава адреса: Државен испитен центар – Скопје ул. „Васил Ѓоргов“ б.б. 1000 Скопје, со назнака „**За јавен конкурс за надворешни соработници – преведувачи“**.

**X.** Дополнителни информации за јавниот конкурс можат да се добијат на телефонскиот број **076/484-739**, секој работен ден од 10.00 часот до 14.00 часот.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР СКОПЈЕ